РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

# И Н Ф О Р М А Ц И Ј А

за примена на Законот за извршување и извршен надзор над работата на извршителите за 2016 година

СКОПЈЕ, јуни 2017 година

## *1. В о в е д*

Информацијата за примена на Законот за извршување и извршен надзор над работата на извршителите за 2016 година има за цел да ги презентира досегашните согледувања за ефектите од примената на Законот за извршување, со посебен осврт на резултатите од работата на извршителите од извршениот вонтеренски надзор и анализа на финансиската состојба на извршителите, извршените редовни и вонредни надзори над работата на извршителите, доставени предлози за поведување на дисциплински постапки и изречени дисциплински мерки, именување на извршители, спроведување на испити за извршители, како и соработката со Комората на извршители на Република Македонија.

Законот за извршување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 35/05, 50/06, 129/06, 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10, 171/10, 148/11 и 187/13) беше донесен во мај 2005 година, а започна да се применува од 26 мај 2006 година. Законот за извршување претставуваше најреформскиот закон во сферата на правосудниот систем на Република Македонија, со кој беше востановен системот на приватни извршители, кои како лица со јавни овластувања целосно го преземаа извршувањето од рацете на судовите и самостојно и независно одлучуваат за преземањето на сите потребни извршни дејствија во правец на успешна и брза реализација на правото воспоставено со извршната исправа.

Имплементацијата на Законот покажа дека одредени законски решенија останаа недоречени, други пак праксата ги лоцираше како нефункционални, што предизвика различна примена и толкување од страна на извршителите, што остави можност за различна примена при спроведување на извршувањето.

Од тие причини се донесе целосно нов Закон за извршување ("Службен весник на Република Македонија бр.72/16 и 146/16), во правец на прецизирање на законските одредби во делот на постапувањето на извршителите при спроведување на извршувањето, надминување на проблемите со различното постапување на извршителите и пропишување на јасни законски одредби во насока на ефикасно спроведување на извршувањето.

Новиот Закон за извршување беше донесен во април 2016 година, но неговата примена започна од 01 јануари 2017 година..

## *2. Резултати од примената на Законот за извршување*

### 2.1. Прилив на барања за извршувања

Во 2016 година извршителите на територијата на Република Македонија, примиле вкупно 227.836 барања за извршување, што во споредба со 2015

година кога примиле 150.830 барања, претставува просечно зголемување од 34 % на приливот на примените предмети.

Притоа намалување на приливот на предметите е евидентно само на 3 подрачја ( Прилеп и Крушево 32 %, Велес, Гевгелија, Кавадарци и Неготино 9% и Штип и Свети Николе 1% ).

На останатите 9 подрачја евидентен е зголемен прилив на барањата за извршување. Најголемо зголемување на приливот на предметите е евидентен во Куманово, Кратово и Крива Паланка, каде е зголемен приловот на предметите од 100%, следи Гостивар и Кичево со зголемување од 48%, Тетово 40%, Скопје 39%, Битола и Ресен 35%, Кочани, Делчево, Виница и Берово 27 %.

Анализирајќи ги апсолутните бројки на примени предмети, евидентно е дека Скопје остварува прилив на 49% од сите предмети или 110.751 предмет, кои се распределуваат на 37 извршители (36%) од вкупната бројка на извршители. Но ако се анализираат поединечниот број на примени предмети забележителни се огромни диспропорции, од кои што еден извршител има примено 882 предмети, наспроти втор кој има 15892 предмети. Претежниот број на предмети се концентрирани кај 6 извршители.

Бројката на вкупно примените барања за извршување кај извршителите за изминативе 10 години достигна 1.123.060 предмети.

2.1.1. Достава на судски писмена

Извршителите се овластени да вршат лична достава на судските писмена согласно одредбите на Законот за парнична постапка. Тука истите остваруваат одличен процент на успешна лична достава од 81%. Имено од 311 примени судски барања за достава упешно релизирале 255 барања.

2.2. Реализација на барањата за извршување

Во текот на 2016 година извршителите реализирале 54.720 барања за извршување или 24 % од примените барања за извршување.

Споредено со 2015 година кога биле извршени 53.338 предмети или 35 % од примените барања за извршување, иако се чини дека има намалување на процентот на релизација на извршните исправи за 9%, сепак има зголемување на реалната бројка на извршени предмети за 1.382, односно за 2,6%.

Бројката на реализираните барања за извршување кај извршителите за изминативе 10 години достигна 346.578 предмети, што претставува 31% реализација на предметите.

Процентот на реализација изразен по подрачја на кои се именувани извршителите во 2016 година значително се разликува по судски подрачја. При тоа најголем процент на реализирани извршни исправи од примените во 2016 година имаат подрачјето на Основните судови Прилеп и Крушево и на Основните судови Велес, Гевгелија, Кавадарци и Неготино со 43%.

Најмал процент на реализација има на подрачјето на Основните судови во Гостивар и Кичево на Основниот суд во Тетово исто 13 %.

Загрижува слабата реализација на предметите во Скопје, која изнесува 24%. Поединечната реализација во Скопје варира од 4,6%, до 93,6%. Притоа најслаб процент на реализација покажува извршителот со најголемите бруто приходи што укажува дека истиот е фокусиран на големите предмети, за сметка на ситните побарувања.

2.2.1. Други начини на завршување на предметите во извршителските канцеларии

Освен успешно реализираните барања за извршување од страна на извршителите, бројката на завршени предмети во нивните канцеларии се намалува и по основ на повлечени, запрени и прекинати извршувања. По овој основ во извршителските канцеларии завршило постапувањето по 12.659 предмети од кои 3431 како повлечени од страна на доверителите, заради изгубен интерес, запрени 3950 по разни основи од Законот за извршување и 5278 се прекинати по основ на смрт на странка, стечај на должник и слично.

2.2.2. Структура на реализираните барања за извршување

Во однос на реализираните барања за извршување карактеристично е тоа што од вкупно реализираните барања, 99,5 % се однесуваат на извршување за наплата на парични побарувања, додека само 0,5% се однесуваат на наплата на непарични побарувања.

Притоа бројот на поднесени барања за извршување за наплата на непарични побарувања во 2016 година бележи пораст и изнесува 321 барања за извршување, во споредба со 2015 година кога изнесувал 220 предмети.

2.2.3. Времетраење на извршувањето

Извршената анализа на времетрањето на извршувањето на предметите покажува дека 15.713 предмети или 29% биле реализирани во рок од 3 месеци, 4.649 или 9% до 6 месеци, а 6.781 предмет или 12% во периодот од 6 до 12 месеци , а остатокот од 27.537 предмети, или 50% во периодот над 1 година . Ова

покажува дека воспоставениот систем на приватно извршување овозможува брза и ефикасна реализација на извршните исправи, се разбира ако должникот има имот со тоа што во половина од примените предмети извршувањата се реализирале во рок до 1 година.

2.2.4.Наплатени средства од извршување

Вкупниот износ на наплатени средства од извршување кој го прикажале извршителите во своите извештаи за работењето во текот на 2016 година изнесува 7. 316.327.660 ден (119.352.817 Евра).

Анализата на податоците за структурата на наплатените средства според доверители укажуваат на тоа дека процентот на наплата за Република Македонија како доверител е само 3 %, односно наплатени се 252.315.521,00 денари. Наспроти тоа пак одливот на средства по основ на извршување спрема Република Македонија како должник е 11 % или 899.296.534,- денари. Притоа треба да се има предвид дека државата како доверител се јавува како странка само во граѓанските спорови, бидејќи целокупното друго присилно извршување по основ на изречени парични казни и трошоци во корист на Република Македонија во сите судски и управни постапки се спроведува според Законот за даночна постапка преку Управата за јавни приходи.

Најбројни доверители остануваат правните лица со 80% од наплатените побарувања, а по нив следуваат физичките лица со 17%.

Структурата на должниците во однос на реализираните средства е повторно во корист на правните лица кои учествуваат со 59%, потоа физичките лица со 30% од наплатените средства.

Извршителите во Република Македонија во 2016 година по основа на данок на додадена вредност (ДДВ) платиле 3.153.239,00 ден. кои се слеале во Буџетот на РМ. Ако кон ова се земе предвид и бројката на вкупно вработени во извршителските канцеларии- лица, големината на деловниот простор и техниката која се користи во извршителските канцеларии и секако процентот на реализацијата и наплатените парични средства, а од друга страна фактот, дека државата за функционирање на целокупниот систем на извршување не троши никакви средства, несомнена е оценката дека резултатите од функционирањето на системот на приватното извршување се повеќе од задоволителни.

*3.Анализа на финансиската состојба на извршителите*

Извршителите во Република Македонија, согласно член 56 став (2) од стариот Закон за извршување, имаат обврска да доставуваат писмени извештаи до Комората на извршители на РМ за своето работење во претходната година, во кој го наведуваат вкупниот број на примени барања за извршување, вкупниот број на реализирани извршни исправи, износ на наплатени средства за цена за администрирање на предметите, за трошоци за преземени извршни дејствија, награда за реализирани извршни исправи, износ на трошоците за работењето на извршителот и остварената нето добивка на извршителот. Кон извештајот доставуваат и копија од завршната сметка доставена до Управата за јавни приходи.

Според член 56 став (3) од Законот за извршување Комората на извршители на Република Македонија е должна до Министерството за правда, секоја година најдоцна до 1 април да достави збирен годишен извештај со податоци за финансиското работење на сите извршители.

За потребите на анализата изготвен е Збирен извештај за финансиското работење на извршителите во текот на 2011, 2012, 2013, 2014, 2015 и 2016 година кој заради обемноста е прикачен засебно како Прилог 1 кон Информацијата.

Анализите на доставените податоци укажуваат на следните состојби:

3.1. Вкупниот износ на бруто приходи на извршителите по основ на наплатена цена за администрирање, преземени извршни дејствија и награда за 2016 година изнесува 752.319.408,00 денари. Споредбата на податоците за 2016 година со 2015 година (772.739.080,00 денари) укажува на фактот дека извршителите во 2016 година оствариле помалку приходи за 3 % .

3.1.1. Притоа на име цена за администрирање наплатиле износ од 62.634.569,00 денари, на име преземени извршни дејствија наплатиле износ од 311.453.101,00 денари и на име награда за извршување наплатиле износ од 237.531.917,00 денари.

Во 2016 година споредбено со 2015 година извршителите оствариле повеќе приходи по основ на цена за администрирање за 12% што се должи на зголемениот прилив на предмети од 32%

3.1.2. Износот на наплатени средства по основ на преземени извршни дејствија од311.453.101,00 денари, спореден номинално со 2015 година укажува дека извршителите наплатиле 10% повеќе во споредба со претходната година.

3.1.3. Износот на наплатени средства по основ на наплатената награда од 237.531.917,00 денари спореден номинално со 2015 година укажува дека извршителите во 2016 година наплатиле 1 % повеќе парични средства во споредба со претходната година.

3.2. Најниски нето приходи по завршна сметка во 2016 година оствариле извршителите на подрачјето на Основните суд Прилеп и Крушево и тоа 6.219.182,00 денари, кои ако се распределат на 5 –те извршители се доаѓа до просечниот чист приход од 1.243.836,00 денари. Забележителен е пад од 51% на приходите на извршителите од подрачјето на Основните судови Прилеп и Крушево.

3.3. Највисоки нето приходи остварени се на подрачјето на Основните судови Охрид, Струга и Дебар, потоа на подрачјето на Основните судови Велес, Гевгелија, Кавадарци и Неготино, а трето по висина е подрачјето на Основните судови во Скопје.
Имено на подрачјето на Основните судови Охрид, Струга и Дебар во 2016 година извршителите оствариле нето приходи по завршна сметка во износ од 27.355.125,00 денари, кои ако се распределат на 5 –те извршители се доаѓа до просечниот чист приход од 5.471.025,00 денари, односно во споредба со 2015 година се забележува зголемување на приходите од 31%.

Следи подрачјето на Основните судови Велес, Гевгелија, Кавадарци и Неготино каде извршителите оствариле нето приходи по завршна сметка во 2016 година во износ од 25..932.372,00 денари, кои ако се распределат на 9–те извршители се доаѓа до просечниот чист приход од 2.881.375,00 денари што во споредба со 2015 година претставува раст на приходите од 2%.

На подрачјето на Основните судови во Скопје остварени се нето приходи по завршна сметка во 2016 година во износ од 106.429.757,00 денари, кои ако се распределат на 37–те извршители се доаѓа до просечниот чист приход од 2.876.480,00 денари, односно во споредба со 2015 година се забележува зголемување на приходите од 1%.

3.4. Според податоците од завршните сметки на извршителите во однос на вкупниот износ на бруто приходи состојбата е следна:

3.4.1. По завршна сметка извршителите во 2016 година оствариле бруто приход во износ од 752.319.408,00 денари. Во споредба со 2015 година кога извршителите оствариле бруто приходи во износ од 772.739.080,00 денари се забележува намалување на бруто приходите на извршителите за 3 % , што претставуваше тренд и во претходната година.

Просечно остварениот бруто приход во Република Македонија по извршител во 2016 година, по завршни сметки изнесува 7.375.680,00 денари денари и во споредба со 2015 година кога оствариле приходи од 7.805.445,00 денари има намалување од 3%.

3.4.2. Исто како во 2016 година најнизок бруто приход по завршна сметка оствариле извршителите на подрачјето на Основниот суд во Штип и Основниот суд во Свети Николе и тоа во вкупен износ од 30.526.881,00 денари. Просечно остварениот приход по извршител на подрачјето на Основните судови Штип и Свети Николе изнесува 4.360.983,00 денари, во услови на кога процентот на реализација е намален за 7%. Слична е состојбата и на подрачјето на Основните судови Куманово, Крива Паланка и Кратови каде извршителите остврилe бруто приход по завршна сметка во вкупен износ од 39.319.831,00 денари. Просечно остварениот приход по извршител на подрачјето на Основните судови Куманово, Крива Паланка и Кратово изнесува 4.368.870,00 денари, во услови на кога процентот на реализација е намален за 15%.

3.4.3. Највисок бруто приход по завршна сметка и понатаму остваруваат извршителите на подрачјето на Основните судови во Скопје и тоа во вкупен износ од 315.192.260,00 денари, во услови на реализација од 20 % од примените предмети. Притоа во просек остварени се 8.518.710,00 денари по извршител, што преставува намалување на приходите за 14,5% во споредба со приходите остварени во 2015 година.

Воедно извршителите од подрачјето на Основниот суд во Тетово оствариле најголем пораст на просечниот бруто приход по завршна сметка во споредба со 2015 година и тоа за 19%, по нив следат извршителите на подрачјето на Основните судови Охрид, Струга и Дебар со 16% зголемување и извршителите на подрачјето на Основните судови Делчево, Берово, Виница и Кочани со 13 % зголмување на просечниот бруто приход по завршна сметка по извршител.

Најголем пад на просечниот бруто приход по завршна сметка во споредба со 2015 година и тоа за 15% забележале извршителите од подрачјето на Основните судови Куманово, Крива Паланка и Кратово и извршителите на подрачјето на Основните судови Прилеп и Крушево. По нив следат извршителите на подрачјето на Основните судови во Скопје со намалување од 14,5 % на просечниот бруто приход по завршна сметка по извршител.

3.4.4. Податоците од завршните сметки на извршителите за 2016 година, покажуваат висок процент на расходите на извршителите и изнесуваат 496.674.502,00 денари, односно 66% од вкупните приходи. Состојбата е слична како и претходната 2015 година кога извршителите во завршните сметки прикажале вкупни расходи во износ 495.883.207,00 денари, односно 64%.
Интересен е трендот на континуирано екстремно високи трошоци на работење кај еден мал дел од извршителите, кои достигнуваат над 80% од приходите. Притоа истите реализираат искучително високи бруто приходи, но екстремно мали нето приходи. Прикажаните податоци и анализи се темелат на финансиските извештаи на извршителите поминати преку Управата за јавни приходи за 2016 година, како и за изминатите години.

## *4. Именување на извршители*

Со Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за определување на бројот на извршители за подрачјето на основниот суд и утврдување на критериуми за бројот и распоредот на службените седишта на извршители на подрачјето на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.146/07), бројот на места за именување на извршители беше определен на 132 извршители.

Согласно член 32 став (4) од новиот Закон за извршување бројот на извршителите за подрачјето на основниот суд во иднина ќе го определува министерот за правда врз основа на претходно прибавена согласност од Владата на Република Македонија, без носење на поадзаконски акт за определување на бројот на извршители за подрачјето на основните судови.

Во 2016 година именувани се тројца извршители и тоа: двајца извршители за подрачјето на Основниот суд Скопје 1 и Основниот суд Скопје 2, на местото на двајца извршители чија должност престана во текот на 2016 година и еден извршител за подрачјето на Основниот суд во Тетово.

Во оваа извештајна година вкупниот број на извршители изнесуваше 102.Ако се има предвид фактот дека од вкупно 132-те предвидени службени седишта на извршители по подрачја во Република Македонија, должноста извршител моментално ја вршат 102 извршители, неспорен факт е дека веќе 9 години нананзад остануваат непополнети 33 извршителски места, се наметнува за потребно да се прави анализа за реалната потреба од редефинирање на извршителските места, во

зависност од реалните потребите за ефикасно вршење на правниот промет за тоа подрачје.

Во канцелариите на извршителите во Република Македонија во 2016 година, биле вработени 509 лица не вклучувајќи ги извршителите, што е за 17 лица помалку од 2015 година.

Со новиот закон се воведоа многу построги и дополнителни квалитативни перформанси за извршителите, во смисла на задолжителен положен правосуден испит, положен квафиликационен испит, испит за рангирање за конкртениот конкурс, познавање на странски јазик, полагање на психолошки тест и тест на интегритет. Заинтересираните кандидати кои ќе се пријават на објавениот конкурс се должни во рок од 30 дена од денот на објавувањето на конкурсот за именување на извршители во Службен весник на РМ, да го положат испитот за рангирање за конкретниот конкурс. Тоа значи дека положениот испит е еднократен и не важи за следен конкурс.

Новина во Законот за извршување е и пропишувањето на критериуми за именување на извршители. Имено целокупната постапка за селектирање на кандидатите за извршители се пренесува во Комората на извршители, која за таа цел формира Комисија за изготвување на ранг листа на кандидатите според вкупно освоените поени од нивниот успех во текот на студиите и постигнатиот успех на испитот за рангирање на извршителите. Според новите законски решенија Министерството за правда изборот ќе го врши редоследно од Ранг листата, притоа водејќи сметка за припадниците на заедниците, согласно објавениот конкурс за кој се врши именувањето.

Новина е и воведувањето на обврска за именуваните извршители да полагаат стручен испит за проверка на занењето во рок од седум години од денот на влегување во сила на овој закон, а потоа проверката на знаењето на извршителите се врши на секои седум години од денот на полагањето на последниот испит за проверка на занаењето.

Целокупниот предвиден систем на полагање на испитот се очекува да претставува дестимуланс на заинтересираните лица да влезат во професијата извршител, заради што неопходено е потребно целиот концепт да подлежи на итна ревизија.

## *5. Извршени надзори над работата на извршителите во 2016 година*

Според стариот Закон за извршување, Министерството за правда вршеше редовен надзор над работата на извршителите и на Комората на извршители на Република Македонија, најмалку еднаш годишно.

Редовниот надзор се вршеше врз основа на месечен план за надзор кој содржи листа на извршители над чија работа се врши надзор во текот на месецот. Вонтеренски надзор над работата на извршителите се вршеше по пат на квартални извештаи кои извршителите ги доставуваат до Министерството

за правда. Министерството за правда вршеше и вонреден надзор над работата на извршителите и над Комората на извршители на РМ согласно правилата за редовен надзор утврдени во стариот Закон за извршување и Правилникот за начинот на вршење надзор над работата на Комората на извршители на Република Македонија и на извршителите врз основа на сознанија за ненавремено и неправилно работење на извршителите, однсоно Комората, добиени од државни органи, правни и физички лица, како и по барање на претседателот на судот.

Министерството за правда, односно Секторот за надзор над работата на извршителите, нотарите и медијаторите, работните задачи во врска со вршењето на надзор над работата на извршителите ги извршуваше по месечни планови, кои се изготвуваа на начин што приоритет имаа дописите од странките кои доставуваа сознанија за нестручно и несовесно работење на извршителите, а при вршењето на овие надзори се вршеше и редовниот надзор.

Министерството за правда во 2016 година изврши надзори кај 23 извршители, од кои 20 редовни надзори и 15 вонредени надзори. Врз основа на констатираните состојби од извршените вонредни надзори, Министерот за правда поднесе 5 предлози за поведување на дисциплинска постапка за дисциплинска одговорност на извршители до Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РМ, од кои 4 се нерешени, а еден предлог е отфрлен поради застареност за поведување на дисциплинска постапка.

Дисциплинската комисија на Комората на извршители во 2016 година нема изречено дисциплинска мерка.

Министерството за правда преку Секторот за надзор над работењето на извршителите, нотарите и медијаторите, преку вршење на надзорот над работењето на извршителите врши воедначување и унифицирање во постапувањето на извршителите согласно Законот за извршување и подзаконските акти кои ги применуваат во нивното работење.

## 6. Испит за извршители

Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување ("Службен весник на Република Македонија" бр.187/13) испитот за извршители се полагаше по електонски пат.

Во оваа извештајна година беа одржани три испитни сесии и вкупно 39 кандидати од пријавените 59 го положија испитот за извршители, од кои:

- во мајска испитна сесија, положиле 6 кандидати;
- во октомвриска испитна сесија, положил 17 кандидати;
- во декемвриска испитна сесија, положиле 16 кандидати;

Со новиот Закон за извршување се воведе обврска за полагање на квалификационен испит и испит за рангирање за кандидатите за извршители по однос на секој конкурс, испит за заменици извршители и стручен испит за проверка на знаењето на извршителите кои ќе се полагаат по електронски пат.

Врз основа на изнесеното на сите лица со положен испит на извршители оневозможена им е можноста да аплицираат на евентуален конкурс.

## *7. Комора на извршители на Република Македонија*

Согласно Законот за извршување Комората на извршители на Република Македонија (КИРМ) претставува професионална организација на извршителите во која задолжително членуваат извршителите и замениците извршители во државата. Комора на извршители на Република Македонија се грижи за угледот и честа на вршењето на должноста извршител, совесно и во согласност со закон.

Во однос на соработката на Комората на извршители со Министерството за правда, мора да се потенцира мегусебната доверба во намерите за создавање на подобар систем за извршување. Министерството за правда не само што врши надзор над работењето на извршителите, туку и постојано соработува со Комората на извршители во правец на разрешување на проблеми со кои се соочуваат извршителите во примената на Законот за извршување, преку учество на претставници од Комората на извршители во Работните групи за изготвување на нов Закон за извршување и подзаконски акти, како и преку постојани консултации за решавање на проблеми при вршењето на извршителската должност.

## Збирен извештај за финансиско работење на извршителите во текот на 2011, 2012, 2013, 2014, 2015 и 2016 година

| Извршители по подрачја | бр. извршители | Примени барања за извршување | Реализирани барања за извршување | Наплатени средства по основ „цена за администрирање"(без вклучен ДДВ) | Наплатени средства по основ „преземени извршни дејствија" (без вклучен ДДВ) | Наплатени средства по основ „награда за извршување" (без вклучен ДДВ) | Вкупно приходи од администрирање, дејствија и награда | Вкупно остварени приходи по завршна сметка | Вкупно Нето Приходи по завршна сметка | Вкупно остварени приходи по извршител | Чист приход по извршител |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Основните судови Скопје 1 и Скопје 2** | | | | | | | | | | | |
| 2011 | 33 | 30.161 | 10.499 | 25.531.329 | 78.809.292 | 93.381.878 | 197.722.499 | | | 5.991.590 | |
| 2012 | 35 | 63.190 | 10.395 | 23.177.246 | 88.930.671 | 100.088.150 | 212.196.068 | 298.085.689 | 94.339.726 | 8.516.734 | 2.695.421 |
| 2013 | 35 | 63.691 | 14.719 | 25.216.983 | 99.967.586 | 107.335.220 | 232.519.789 | 330.693.379 | 104.719.337 | 9.444.683 | 2.991.981 |
| 2014 | 34 | 69.932 | 18.725 | 23.180.872 | 119.679.458 | 104.668.812 | 247.529.142 | 322.852.552 | **87.136.519** | 9.495.663 | 2.562.838 |
| 2015 | 35 | 67.929 | 21.308 | 24.930.347 | 126.439.877 | 113.768.427 | 265.138.651 | 349.101.598 | **99.530.614** | 9.974.331 | 2.843.732 |
| 2016 | 37 | 110.781 | 21.995 | 31.594.783 | 143.378.404 | 119.172.017 | 294.145.204 | 315.192.260 | **106.429.757** | 8.518.710 | 2.876.480 |
| **споредба 15/16** | | **39% зголемување** | **3% зголемување** | **21% зголемување** | **12% зголемување** | **5% зголемување** | **10% зголемув** | **10% намалува** | **6.5 % зголемување** | **14,5% намалување** | **1% зголемуван** |
| **Основен суд Битола и Ресен** | | | | | | | | | | | |
| 2011 | 7 | 5.152 | 2.224 | 3.866.251 | 16.877.329 | 19.202.104 | 39.945.684 | | | 5.707.812 | |
| 2012 | 7 | 9.701 | 2.704 | 3.617.732 | 18.511.056 | 19.143.471 | 41.272.259 | 47.992.508 | 23.300.727 | 6.856.073 | 3.328.675 |
| 2013 | 7 | 7.100 | 5.424 | 4.155.863 | 20.186.510 | 18.838.227 | 43.180.600 | 49.429.927 | 23.306.494 | 7.061.418 | 3.329.499 |
| 2014 | 7 | 7.154 | 3.260 | 3.844.713 | 20.334.744 | 18.040.646 | 42.220.103 | 47.273.811 | 17.912.030 | 6.753.401 | 2.558.861 |
| 2015 | 7 | 6.542 | 3.215 | 3.008.841 | 17.806.223 | 17.035.351 | 37.850.415 | 46.582.196 | 20.207.568 | 6.654.599 | 2.886.795 |
| 2016 | 7 | 10.093 | 3.714 | 4.175.494 | 21.080.495 | 14.812.954 | 40.068.943 | 46.150.985 | 18.004.207 | 6.592.998 | 2.572.030 |
| **споредба 15/16** | | **35 % зголемен прилив** | **13,5 % зголемување** | **28% зголемување** | **16% зголемување** | **13% намалување** | **5% зголемување** | **1% намалување** | **11% намалување** | **1% зголемување** | **11% намалување** |
| **Основниот суд Велес, Гевгелија, Кавадарци и Неготино** | | | | | | | | | | | |
| 2011 | 9 | 9.160 | 3.115 | 8.190.104 | 16.983.820 | 14.597.634 | 26.132.684 | | | 2.903.631 | |
| 2012 | 9 | 28.240 | 4.482 | 6.982.379 | 22.546.179 | 16.350.566 | 45.879.124 | 73.157.936 | 31.363.925 | 8.128.660 | 3.484.881 |

| Извршители по подрачја | бр. извршители | Примени барања за извршување | Реализирани барања за извршување | Наплатени средства по основ „цена за администрирање"(без вклучен ДДВ) | Наплатени средства по основ „преземени извршни дејствија" (без вклучен ДДВ) | Наплатени средства по основ „награда за извршување" (без вклучен ДДВ) | Вкупно приходи од администрирање, дејствија и награда | Вкупно остварени приходи по завршна сметка | Вкупно Нето Приходи по завршна сметка | Вкупно остварени приходи по извршител | Чист приход по извршител |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2013 | 9 | 13.305 | 5.665 | 5.976.822 | 25.102.230 | 21.157.556 | 52.236.608 | 78.521.072 | 30.881.388 | 8.724.564 | 3.431.265 |
| 2014 | 9 | 11.827 | 5.758 | 5.329.423 | 24.725.997 | 19.313.052 | 49.368.472 | 75.396.323 | 27.783.621 | 8.377.369 | 3.087.069 |
| 2015 | 9 | 15.749 | 6.640 | 4.972.584 | 26.625.209 | 18.763.256 | 50.361.049 | 73.847.576 | 25.334.150 | 8.205.286 | 2.814.906 |
| 2016 | 9 | 14.341 | 6.098 | 5.091.172 | 30.693.327 | 18.453.907 | 54.238.406 | 76.473.118 | 25.932.372 | 8.497.013 | 2.881.375 |
| **споредба 15/16** | | **9% намалување** | **8% намалување** | **2 % зголемување** | **13% зголемување** | **2% намаелување** | **7% зголемување** | **3,5% зголемување** | **2% зголемување** | **3,5% зголемување** | **2% зголемување** |
| Основниот суд Гостивар и Кичево | | | | | | | | | | | |
| 2011 | 3 | 2.416 | 828 | 2.727.484 | 10.008.770 | 8.340.269 | 21.076.523 | | | 7.025.507 | |
| 2012 | 4 | 4.455 | 929 | 2.323.938 | 7.393.737 | 7.461.497 | 17.179.172 | 26.557.043 | 9.820.857 | 6.639.261 | 2.455.214 |
| 2013 | 4 | 5.806 | 1.237 | 3.097.304 | 8.641.631 | 10.413.517 | 22.152.452 | 32.730.097 | 12.233.701 | 8.182.524 | 3.058.425 |
| 2014 | 5 | 9.158 | 1.617 | 2.643.111 | 11.303.142 | 10.066.937 | 24.013.190 | 35.598.726 | 9.577.735 | 6.746.341 | 2.271.137 |
| 205 | 5 | 7.149 | 1.935 | 2.632.374 | 11.727.659 | 11.181.472 | 25.541.505 | 40.661.918 | 11.450.497 | 8.132.384 | 2.290.099 |
| 2016 | 5 | 17.029 | 2.186 | 3.670.005 | 14.096.501 | 12.669.919 | 30.436.425 | 43.505.940 | 10.603.243 | 8.701.188 | 2.120.649 |
| **споредба 15/16** | | **48 % зголемен прилив** | **11,5 % зголемување** | **28 % зголемување** | **17% зголемување** | **12% зголемување** | **16 % зголемување** | **6,6% зголемување** | **7% намалување** | **6,6% зголемување** | **7% намалување** |
| Основен суд Делчево, Берово, Виница и Кочани | | | | | | | | | | | |
| 2011 | 4 | 5.191 | 2.275 | 1.977.307 | 12.514.847 | 5.937.701 | 20.429.855 | | | 5.107.463 | |
| 2012 | 5 | 7.625 | 2.272 | 2.054.867 | 10.387.388 | 7.471.034 | 19.913.289 | 32.869.082 | 10.246.934 | 6.573.816 | 2.049.387 |
| 2013 | 5 | 8.203 | 2.502 | 2.266.857 | 14.383.148 | 5.955.717 | 22.605.722 | 31.419.518 | 9.665.285 | 6.283.904 | 1.933.057 |
| 2014 | 5 | 7.552 | 2.704 | 1.994.886 | 15.392.308 | 6.885.057 | 24.272.251 | 33.731.707 | 11.355.686 | 6.746.341 | 2.271.137 |
| 2015 | 5 | 6.291 | 2.964 | 2.023.785 | 14.519.039 | 6.475.354 | 23.018.178 | 32.250.745 | 9.486.107 | 6.450.149 | 1.897.221 |
| 2016 | 5 | 8.566 | 2.850 | 2.290.445 | 18.066.578 | 6.842.883 | 27.199.906 | 36.902.604 | 13.164.053 | 7.380.521 | 2.632.811 |

| Извршители по подрачја | бр. извршители | Примени барања за извршување | Реализирани барања за извршување | Наплатени средства по основ „цена за администрирање“(без вклучен ДДВ) | Наплатени средства по основ „преземени извршни дејствија“ (без вклучен ДДВ) | Наплатени средства по основ „награда за извршување“ (без вклучен ДДВ) | Вкупно приходи од аминистрирање, дејствија и награда | Вкупно остварени приходи по завршна сметка | Вкупно Нето Приходи по завршна снетка | Вкупно остварени приходи по извршител | Чист приход по извршител |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **споредба 15/16** | | **27 % зголемен** | **4 % намалување** | **12% зголемување** | **20% зголемување** | **5% зголемување** | **15% зголемување** | **13% зголемување** | **28% зголемување** | **13% зголемување** | **28% зголемување** |
| Основен суд Куманово, Кратово и Крива Паланка | | | | | | | | | | | |
| 2011 | 7 | 3.996 | 1.912 | 3.589.498 | 9.040.688 | 10.509.075 | 23.139.261 | | | 3.305.608 | |
| 2012 | 8 | 8.254 | 1.987 | 2.276.951 | 9.104.556 | 9.541.670 | 20.923.176 | 30.407.306 | 13.413.599 | 3.800.913 | 1.676.700 |
| 2013 | 9 | 9.908 | 3.208 | 2.764.086 | 10.776.034 | 8.514.800 | 22.054.921 | 32.238.652 | 14.157.158 | 3.582.072 | 1.573.018 |
| 2014 | 9 | 11.946 | 3.789 | 4.165.523 | 17.911.515 | 13.155.247 | 35.232.285 | 40.817.506 | 17.817.663 | 4.535.278 | 1.979.740 |
| 2015 | 9 | 9.217 | 2.964 | 4.207.736 | 17.948.228 | 13.284.377 | 35.440.341 | 46.245.385 | 18.833.999 | 5.138.376 | 2.092.667 |
| 2016 | 9 | 18.473 | 3.437 | 3.119.432 | 17.719.319 | 12.811.173 | 33.649.924 | 39.319.831 | 15.276.160 | 4.368.870 | 1.697.351 |
| **споредба 15/16** | | **100 % зголемен прилив** | **14 % зголемување** | **26% намалување** | **1% намалување** | **4% намалување** | **5% намалување** | **15% намалување** | **19% намалување** | **15% намалување** | **19% намалување** |
| Основен суд Охрид,Струга и Дебар | | | | | | | | | | | |
| 2011 | 4 | 5.105 | 1.375 | 5.227.064 | 6.658.061 | 9.691.261 | 21.576.386 | | | 5.394.096 | |
| 2012 | 5 | 11.057 | 1.412 | 1.676.519 | 7.726.214 | 10.377.530 | 19.780.262 | 36.039.906 | 14.022.055 | 7.207.981 | 2.804.411 |
| 2013 | 5 | 5.751 | 1.540 | 1.989.484 | 8.803.602 | 12.532.131 | 23.325.217 | 46.383.502 | 17.757.757 | 9.276.700 | 3.551.551 |
| 2014 | 5 | 5.711 | 2.035 | 1.913.965 | 11.302.921 | 10.950.909 | 24.167.795 | 48.552.194 | 19.396.328 | 9.710.439 | 3.879.266 |
| 2015 | 5 | 6.570 | 2.018 | 2.042.938 | 15.165.624 | 11.297.929 | 28.506.491 | 51.524.968 | 18.740.861 | 10.304.994 | 3.748.172 |
| 2016 | 5 | 8.189 | 1.547 | 1.641.144 | 12.565.111 | 10.950.540 | 25.156.795 | 61.388.993 | 27.355.125 | 12.277.799 | 5.471.025 |
| **споредба 15/16** | | **20% зголемување** | **23% намалување** | **20% намалување** | **17 % намалување** | **3% намалување** | **12% намалување** | **16 % зголемување** | **31 % зголемување** | **16 % зголемување** | **31 % зголемување** |
| Основните судови Прилеп и Крушево | | | | | | | | | | | |
| 2011 | 5 | 3.311 | 2.546 | 2.436.199 | 12,219.689 | 5.335.218 | 20.011.106 | | | 4.002.221 | |

| Извршители по подрачја | бр. извршители | Применибарања за извршување | Реализирани барања за извршување | Наплатени средства по основ „цена за администрирање"(без вклучен ДДВ) | Наплатени средства по основ „преземени извршни дејствија" (без вклучен ДДВ) | Наплатени средства по основ „награда за извршување" (без вклучен ДДВ) | Вкупно приходи од администрирање, дејствија и награда | Вкупно остварени приходи по завршна сметка | Вкупно Нето Приходи по завршна снетка | Вкупно остварени приходи по извршител | Чист приход по извршител |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2012 | 5 | 15.518 | 3.209 | 3.007.216 | 15.391.657 | 7.367.783 | 25.766.656 | 34.478.138 | 11.086.839 | 6.895.628 | 2.217.368 |
| 2013 | 5 | 5.741 | 3.869 | 2.931.834 | 15.617.196 | 7.559.912 | 26.108.942 | 35.206.792 | 10.767.062 | 7.041.358 | 2.153.412 |
| 2014 | 5 | 9118 | 3.117 | 2.606.493 | 13.604.639 | 9.157.116 | 25.368.248 | 34.853.487 | 11.868.566 | 6.970.697 | 2.373.713 |
| 2015 | 5 | 9755 | 3.398 | 3.076.230 | 14.347.257 | 12.072.243 | 29.495.730 | 36.721.740 | 12.226.531 | 7.344.348 | 2.445.306 |
| 2016 | 5 | 6643 | 3.096 | 2.347.035 | 12.762.161 | 7.531.516 | 22.640.712 | 31.111.690 | 6.219.182 | 6.222.338 | 1.243.836 |
| споредба 15/16 | | **32% намалување** | **9% намалување** | **24% намалување** | 11% намалување | 38% намалување | 23% намалување | **15% намалување** | 51% намалување | **15% намалување** | **51% намалување** |
| Основен суд Струмица и Радовиш | | | | | | | | | | | |
| 2011 | 6 | 5.307 | 2.792 | 3.546.031 | 14.105.495 | 14.463.254 | 32.114.780 | | | 5.352.463 | |
| 2012 | 7 | 8.817 | 2.844 | 3.415.353 | 14.111.638 | 13.078.600 | 30.603.591 | 37.485.446 | 14.375.890 | 5.355.064 | 2.053.699 |
| 2013 | 7 | 9.499 | 3.404 | 3.474.462 | 15.336.260 | 13.487.009 | 32.297.731 | 38.412.218 | 13.429.471 | 5.487.460 | 1.918.496 |
| 2014 | 7 | 9.008 | 3.581 | 3.594.368 | 17.121.702 | 13.729.130 | 34.445.200 | 40.252.440 | 13.067.341 | 5.750.349 | 1.866.763 |
| 2015 | 7 | 9.407 | 3.672 | 3.394.315 | 15.071.101 | 13.841.530 | 32.306.946 | 38.041.499 | 11.850.908 | 5.434.500 | 1.692.987 |
| 2016 | 7 | 10.763 | 3.996 | 3.932.541 | 16.952.063 | 11.518.720 | 32.403.324 | 38.245.622 | 12.752.598 | 5.463.660 | 1.821.800 |
| **споредба 15/16** | | **13% зголемување** | **8% зголемување** | **14% зголемување** | **11% зголемување** | **17% намалување** | **1% зголемување** | **1% зголемување** | **7% зголемување** | **1% зголемување** | **7% зголемување** |
| Основен суд Штип и Св Николе | | | | | | | | | | | |
| 2011 | 7 | 4.535 | 2.958 | 3.809.787 | 11.904.818 | 12.553.207 | 28.267.812 | | | 4.038.258 | |
| 2012 | 7 | 7.356 | 2.463 | 2.634.783 | 10.383.237 | 8.928.668 | 21.946.689 | 35.022.265 | 16.010.884 | 5.003.181 | 2.287.269 |
| 2013 | 7 | 7.300 | 3.491 | 3.529.543 | 13.039.419 | 10.408.514 | 26.977.476 | 35.666.837 | 16.313.964 | 5.095.262 | 2.330.566 |
| 2014 | 10 | 10.530 | 4.027 | 3.196.813 | 13.037.116 | 9.594.020 | 25.827.949 | 37.159.972 | 16.178.242 | 5.308.567 | 2.311.177 |
| 2015 | 7 | 8.693 | 3.445 | 2.862.944 | 12.355.208 | 10.069.747 | 25.287.900 | 30.723.611 | 13.308.054 | 4.389.087 | 1.901.151 |
| 2016 | 7 | 8.681 | 3.218 | 2.250.640 | 12.601.618 | 10.218.117 | 25.070.375 | 30.526.881 | 11.628.787 | 4.360.983 | 1.661.255 |
| **споредба 15/16** | | **1% намалување** | **7% намалување** | **21% намалување** | **2% намалување** | **1 % зголемување** | **1 % намалување** | **1% намалување** | **13% намалување** | **1% намалување** | **13% намалување** |

| Извршители по подрачја | бр. извршители | Примени барања за извршување | Реализирани барања за извршување | Наплатени средства по основ „цена за администрирање"(без вклучен ДДВ) | Наплатени средства по основ „преземени извршни дејствија" (без вклучен ДДВ) | Наплатени средства по основ „награда за извршување" (без вклучен ДДВ) | Вкупно приходи од аминистрирање, дејствија и награда | Вкупно остварени приходи по завршна сметка | Вкупно Нето Приходи по завршна снетка | Вкупно остварени приходи по извршител | Чист приход по извршител |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Основен суд Тетово** | | | | | | | | | | | |
| 2011 | 5 | 3.898 | 1.455 | 4.334.109 | 5.014.369 | 4.342.335 | 13.690.813 | | | 2.738.162 | |
| 2012 | 5 | 9.011 | 1.777 | 1.535.514 | 6.625.662 | 7.467.768 | 15.630.231 | 28.168.393 | 13.074.071 | 5.633.679 | 2.614.814 |
| 2013 | 5 | 4.811 | 1.670 | 2.264.089 | 9.993.955 | 10.643.850 | 22.901.894 | 25.066.495 | 10.637.107 | 5.013.299 | 2.127.421 |
| 2014 | 5 | 8.416 | 1.746 | 2.222.765 | 9.893.705 | 11.291.727 | 23.408.197 | 27.804.833 | 10.195.364 | 5.560.967 | 2.039.073 |
| 2015 | 5 | 8.528 | 1.779 | 1.962.143 | 9.369.407 | 9.069.771 | 20.401.321 | 27.037.844 | 6.766.086 | 5.407.569 | 1.353.217 |
| 2016 | 6 | 14.293 | 1.875 | 2.521.875 | 11.537.520 | 12.550.168 | 26.609.563 | 33.501.484 | 10.325.151 | 5.583.581 | 1.720.859 |
| споредба 15/16 | | 40% зголемување | 5% зголемување | 22% зголемување | 19% зголемување | 28% зголемување | 23% зголемување | 19% зголемување | 35% зголемување | 19% зголемување | 35% зголемување |
| ВКУПНО | | | | | | | | | | | |
| 2011 | 80 | 78.232 | 31.979 | 65.235.162 | 194.137.177 | 198.373.935 | 457.746.274 | | | | |
| 2012 | 92 | 173.224 | 34.474 | 52.766.497 | 211.111.994 | 207.276.736 | 471.090.516 | 680.263.772 | 251.055.507 | 7.394.171 | 2.728.864 |
| 2013 | 98 | 141.115 | 46.729 | 57.667.327 | 241.847.571 | 226.846.453 | 526.361.352 | 735.768.489 | 263.868.724 | 7.507.842 | 2.692.538 |
| 2014 | 98 | 160.352 | 50.392 | 54.692.932 | 274.307.247 | 226.852.653 | 555.852.832 | 744.293.551 | 242.289.095 | 7.594.832 | 2.472.337 |
| 2015 | 99 | 155.830 | 53.338 | 55.114.236 | 281.374.833 | 236.859.457 | 573.348.526 | 772.739.080 | 247.735.375 | 7.805.445 | 2.502.378 |
| **2016** | **102** | **227.836** | **54.720** | **62.634.569** | **311.453.101** | **237.531.917** | **611.619.587** | **752.319.408** | **257.690.635** | **7.375.680** | **2.526.379** |
| споредба 15/16 | | 32% зголемување | 2% зголемување | 12% зголемување | 10% зголемување | 1% зголемување | 6% зголемување | 3 % намалување | 4% зголемување | 3 % намалување | 4% зголемување |